# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

**Назив на проектот:** „Зачувување на духовните светилишта - одржлив туристички потенцијал во Струмица и Ќустендил“, со референтен број CB006.2.21.143

**Договор бр.:** РД-02-29-163/12.07.2019

Проектот е ко-финансиран од Европската Унија и од националните фондови на земјите учеснички во Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија 2014 - 2020 (CCI No. 2014TC16I5CB006).

**Приоритетна оска 2:** Туризам

**Специфична цел 2.1:** Подобрување на туристичкиот потенцијал на регионот преку иницијативи за соработка за подобро зачувување и одржливо искористување на природното и културното наследство

# СООПШТЕНИЕ

Општина Струмица како водечки партнер, заедно со општина Ќустендил од Република Бугарија го спроведува проектот „Зачувување на духовните светилишта - одржлив туристички потенцијал во Струмица и Ќустендил“, со референтен број CB006.2.21.143, во рамките на Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија 2014 - 2020 (CCI No. 2014TC16I5CB006).

**Основна цел на проектот**

Основната цел на проектот е да се зајакне развојот на туризмот врз основа на одржлива употреба на културни ресурси во регионот.

**Најважна активност за општина Струмица:** Подобрување на туристичката инфраструктура во околината на манастирот „Свети Леонтиј“ во село Водоча, Струмица преку уредување на пристапни патеки од реден камен, чистење и хортикултурно уредување на просторот, поставување заштитни ѕидови и огради на река Водочница, уредување на одморалиште со најсовремена урбана опрема за посетителите и туристите и други активности.

Реализацијата на проектот ќе ги обезбеди следниве придобивки за целните групи на двете прекугранични општини:

- Подобрена туристичката инфраструктура во околината на манастирот „Свети Леонтиј“ во село Водоча, Струмица преку уредување на пристапни патеки од реден

камен, чистење и хортикултурно уредување на просторот, поставување заштитни ѕидови и огради на река Водочница, уредување на одморалиште со најсовремена урбана опрема за посетителите и туристите;

- Подобрена туристичката инфраструктура во околината на црквата „Успение на пресвета Богородица“ во Ќустендил преку уредување на пристапни патеки, чистење и хортикултурно уредување на просторот, уредување на одморалиште со најсовремена урбана опрема за посетителите и туристите, изградба на пристапна патека која ја поврзува црквата, како споменик на културата, со природната знаменитост „Скакавишки водопад“;
- Изработена тематска брошура во 1500 примерока наменета за туристи и посетители која содржи информации за најзначајните културно-историски локалитети и знаменитости од општина Струмица и општина Ќустендил;
- Изработен, испечатен и дистрибуиран промотивен материјал за проектот;
- Одржани завршни настани во Ќустендил и Струмица за промоција на проектните резултати со над 260 учесника.

**Времетраење на проектот:** 24 месеци

**Датум на започнување на проектот:** 13.07.2019

**Датум на завршување на проектот:** 12.07.2021

**Вкупен буџет:** 492.215,39 евра (Општина Струмица: 245.117,60 евра)

**Оваа публикација е изработена со поддршка на Европската Унија преку Интеррег-ИПА Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија 2014-2020 (CCI No. 2014TC16I5CB006). Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на општина Струмица и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија или на Управувачкиот Орган на Програмата.**

Interreg - IPA CBC

CCI 2014TC16I5CB006

EUROPEAN UNION